| Предметна програма од прв циклус студии | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Макроекономија | | | |
| 2. | Код | АФМ3и38 | | | |
| 3. | Студиска програма | Актуарска и финансиска математика | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Институт за математика, Природно-математички факултет, Скопје | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | прв | | | |
| 6. | Академска година/семестар | II (втора) /3 | 7. | Број на ЕКТС | 8 |
| 8. | Наставник | Проф. д-р Трајко Славески | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | Основи на економијата | | | |
| 10. | **Цели на предметната програма (компетенции):**<br>По завршувањето на наставата и положувањето на овој предмет, студентите треба да бидат способни да:<br>• го разберат функционирањето на економијата како целина. Во овие рамки од особен интерес се прашањата за економскиот растеж (како и дали една сиромашна земја може да стане развиена), деловните циклуси (зошто пазарните економии се подложни на флуктуации), вработеноста и невработеноста, движењето на цените и други важни варијабли, како што се каматните стапки, цените на акциите и девизните курсеви. Сите овие фактори ги детерминираат нивоата на производството, доходот, вработеноста и цените.<br>• Иако како поединци немаме контрола врз макроекономијата, со изучување на макроекономијата како дисциплина можеме да разбереме на кој начин таа влијае врз нашите можности и нашиот избор. Ова значи дека познавањето на макроекономијата може да биде многу корисно не само во процесот на донесување на одлуки при водењето на макроекономската политика, туку и во водењето на сопствениот бизнос или раководењето со некоја поголема компанија или финансиска институција.<br>• Да ги разберат дискусиите и јавните дебати кои се водат во медиумите. Како ангажирани граѓани, користејќи ги придобивнките на демократскиот процес студентите, кога ќе почувствуваат за потребно можат да изнајдат начин за сопствено вклучување во овие дебати<br>• Со користење на правото на глас, како едно од најважните човекови права, ја избираме сопствената влада со што индиректно учествуваме во спроведување на макроекономската политика. Писменоста во областа на макроекономијата овозможува разликување на кандидатите кои што би можеле да бидат добри макроекономски менаџери од оние кои што ветуваат многу повеќе од она што можат да остварат. | | | | |
| 11. | **Содржина на предметната програма:** | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Макроекономијата се занимава со изучување на агрегатните економски варијабли, односно функционирањето на економијата како целина. Таа оперира со следниве концепти: агрегатно производство (аутпут) на стоки и услуги, стапки на инфлација и невработеност, платен биланс и девизни курсеви. Макроекономијата подеднакво го изучува долгорочниот економски растеж и краткорочните економски флуктуации кои го чинат деловниот циклус. Макроекономијата се фокусира врз економското однесување и политики кои влијаат врз потрошувачката и инвестициите, вредноста на националната валута и трговскиот биланс, детерминантите на промените во платите и цените, монетарната и фискалната политика, понудата на пари, државниот буџет, каматните стапки и националниот долг. Накратко, макроекономијата ги изучува најсуштествените економски прашања и проблеми од секојдневниот живот. | | | | | | |
| 12. | **Методи на учење:**<br>Предавања со презентации, интерактивни предавања, тимска работа, гостин на предавања,студии на случај, изработка и презентација на стручен труд | | | | | | |
| 13. | Вкупен расположлив фонд на време | | | 8 ЕКТС x 30 часови-240 часови | | | |
| 14. | Распределба на расположливо време | | | 90+150 =240 часови | | | |
| 15. | Форми на наставните активности | | 15.1. | Предавања-теоретска настава | | | 90 часови |
| | | | 15.2. | Стручен труд, домашни задачи, тимска работа | | | 0 часови |
| 16. | Други форми на активности | | 16.1. | Проектни задачи | | | 0 часови |
| | | | 16.2. | Самостојни задачи | | | 0 часови |
| | | | 16.3. | Домашно учење | | | 150 часови |
| 17. | Начин на оценување | | | 80+10+ 10 = 100 бода | | | |
| | 17.1. | Тестови | | | | | 80 бодови |
| | 17.2. | Активност и учество | | | | | 10 бодови |
| 18. | Критериуми за оценување (бодови/оценка) | до 50 бода | | | | 5 (пет) (F) | |
| | | од 51 до 60 бода | | | | 6 (шест) (E) | |
| | | од 61 до 70 бода | | | | 7 (седум) (D) | |
| | | од 71 до 80 бода | | | | 8 (осум) (C) | |
| | | од 81 до 90 бода | | | | 9 (девет) (B) | |
| | | од 91 до 100 бода | | | | 10 (десет) (A) | |
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | | Реализирани активности | | | | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | | Македонски | | | | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | | Интерна евалуација и анкета | | | | |
| 22. | ЛИТЕРАТУРА | | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | | Издавач | Година |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1. | Бурда, М. и Ч. Виплош | *Макроекономија: Европски текст* | (Превод од англиски на четвртото издание, проект на Влада на Република Македонија, Академски печат, Скопје | 2009 |
| | | | | | | |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Абел, А., Б. Бернанки, и Д. Крушор | *Макроекономија* | *Макроекономија* (превод од англиски на шестото издание, проект на Влада на Република Македонија), Табернакул, Скопје | 2009 |
| | | 2. | Burda, M. and C. Wyplosz | *Macroeconomics: A European Text 7/e* | Oxford University Press | 2017 |
| | | 3. | Mankiw, N.G. | *Macroeconomics, 10/e* | Worth Publishers | 2018 |
| | | 4. | Blanchard, O. | *Macroeconomics 8/e* | Pearson | 2018 |
| | | 5. | Slaveski, T. | “Macedonia: the impact of the global economic crisis” in *South Eastern Europe after the Economic* | LSEE - Research on South Eastern Europe, Europian Institute, London School of Economics | 2010 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | *Crisis: a New Dawn or back to Business as Usual?* | | |
| | | 6. | J.C. Brada and T. Slaveski | Transition in a Bubble Economy, in *Emerging Markets Finance & Trade*, Volume 48, Supplement 4 | | November-December 2012 |